РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup
05-03-2024
[redacted]

( Образец ПП......)

**До :**
**Министерство за Финансии;**
**Управа за јавни приходи**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted], ул. [redacted], Скопје, [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам да ги наведете сите законски поцедури за:

1. (Анонимна) Пријава на Правно лице кое искористува субвенции од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
2. (Анонимна) Пријава за овластен сметководител на Правното лице.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **<u>г) електронски запис</u>**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак/Shenja e arkivit: ______
Рок на чување/Afati i ruajtjes: ______
______ 20___ год./vitit
Потпис/Nënshkrimi
______

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **<u>г) е-маил</u>**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 17.02. 2024 година .**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Delçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box 561 тел/phone: +389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Financave

– Сектор за правни работи –

*Одделение за слободен пристап до информации од јавен карактер и заштита на лични податоци*

Архивски број:[redacted]
Датум:
20 -03- 2024

Врз основа на член 17 став (1) и став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) и член 8 став (1), став (2) алинеја 2 и став (3) од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/2020), а во врска со Известувањето доставено во електронска форма преку е-пошта од 11.03.2024 година за потреба од дополнување (прецизирање) на Барање за пристап до информации од јавен карактер, постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од барателот Јане Крстески од Скопје, Министерството за финансии во својство на имател на информации, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено до Министерството за финансии од барателот[redacted]е заведено под број [redacted]д [redacted] година, СЕ ОТФРЛА.
2. Министерството за финансии како имател на информацијата НЕ ОВОЗМОЖУВА пристап и запознавање на барателот до бараните информации.

### *Образложение*

До Министерството за финансии доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на барателот [redacted]е под број [redacted] од 05.03.2024 година.

Со предметното Барање во точка 2 од Министерството за финансии се бара пристап до информација *„(Анонимна) Пријава за овластен сметководител на Правното лице?"*.

Разгледувајќи и постапувајќи по предметното Барање, Министерството за финансии утврди дека Барањето е непотполно и поради тоа како имател на информации не може да постапува и пристапи кон примена на одредбите од член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Оттука, Министерството за финансии во својство на имател на информации, достави Известување за потребата од дополнување (прецизирање) на Барањето за пристап до информации од јавен карактер во електронска форма преку е-пошта од 11.03.2024 година.

Воедно, барателот бил должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на Известувањето за потреба од дополнување на Барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на Известувањето.


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Ministria e Financave e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
"Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255 442
www.finance.gov.mk

Имајќи предвид дека во целост барателот не постапил согласно одредбите од член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерството за финансии како имател на информации не може да постапува по непотполно Барање.

Имајќи го предвид горенаведеното, Министерството за финансии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на Сектор
Татјана Васева

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот на информацијата

[redacted]